РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-336/2
07.04 2021 год.
КОЧАНИ

Друштво за проектирање, градежништво, производство и промет Снежана дооел
Ерком инженеринг
Бр. 01/1/2021
05.04.2021 год.
КОЧАНИ

# Д о г о в о р

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган ( во понатамошниот текст: **Нарачател)** и

2. **Друштво за проектирање, градежништво, производство и промет "ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана" ДООЕЛ Кочани**, со седиште на ул.„Иво Лола Рибар“ бр.18, Кочани, застапувано од Управителот Снежана Данилова, со ДБ: 4013002116277 и ЕМБС: 5692563, жиро с-ка 300050000034808, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, (во понатамошниот текст: **Изработувач).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Изработка на проектна документација за улици и патишта**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација изработена од Нарачателот за спроведување на Поедноставена отворена постапка со објавување на оглас бр. 01018/2021 од 02.02.2021 год., објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 02.02.2021 год..

***Вредност на договорот***

**Член 2**

За извршување на услугите предвидени со член 1 од овој Договор, Нарачателот се обврзува да му исплати на Изработувачот износ во висина од **685.000,00 денари без ДДВ**. Изработувачот не е ДДВ обврзник.

Единечните цени за услугите – по опис на услуга и количина, без вклучен ДДВ се утврдени во листата на цени прилог на овој договор, во која цените за секоја ставка посебно од првично поднесената понуда се намалени за 51,59 %, а во согласност со извештајот од е-аукција, генериран на ЕСЈН.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши, со доставување на фактура од Изработувачот, во рок од 60 /шеесет/ дена, сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Нарачателот. Составен дел на фактурата е испратница во која ќе биде опишана конкретната услуга по вид и опис на услуга согласно позициите во техничката спецификација (понудата) за дефиниран патен правец и број на доставени изработени примероци.

Испратницата во смисла на овој член е должен да ја издаде Изработувачот во 3 /три/ примерока и истата треба да е потпишана од овластено/задолжено лице кај Нарачателот и овластено/задолжено лице кај Изработувачот. По еден примерок од испратницата се предава на овластеното/задолженото лице кај Нарачателот, еден примерок задржува Изработувачот за

сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Општина Кочани-Сектор за финансиски прашања.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација , истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Изработувачот.

***Начин и рок за извршување на услугите и доставување на изработените примероци***

**Член 4**

Изработувачот ќе ги извршува услугите само по писмено барање од Нарачателот, во зависност од конкретна потреба, кое барање ќе содржи вид и опис на услуга согласно позициите во техничката спецификација (понудата), вредност и рок на извршување, а прилог на барањето за конкретен патен правец опишан во барањето ќе биде проектна задача.

Изработката на проектната документација треба да биде според барањата на Нарачателот и постојните технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуги, а согласно единечните цени прилог на овој договор.

Секоја извршена услуга од страна на Изработувачот, која нема да биде во согласност со барањето на Нарачателот или ќе биде извршена без барање издадено од истиот, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Изработувачот. Нарачателот не е обврзан да ги искористи и нарача во целост услугите предмет на Договорот наведени во техничката спецификација и во понудата.

***Број и начин за доставување на изработените примероци***

**Член 5**

Бројот и начинот за доставување на изработените примероци од проектната документација, кои Изработувачот е обврзан да ги достави на Нарачателот се:

- 4 примерока во хартија основен проект и на CD, и да бидат потпишани електронски согласно Законот за градење.

***Обврски на Нарачателот***

**Член 6**

Нарачателот на Изработувачот ќе ги обезбеди сите потребни документи и податоци, објаснувања, информации со кои располага за несметано вршење на услугите, согласно неговите потреби и техничката спецификација, а докуметнтацијата од ИЗИС која е потребна ќе биде на товар на Општина Кочани.

Нарачателот е должен плаќањето да го врши на договорениот начин и рок за плаќање со Изработувачот, согласно чл.3 од овој Договор.

***Обврски на Изработувачот***

**Член 7**

Изработувачот е должен да ја изврши услугата согласно барањето од чл.4 на овој Договор, кое барање ќе содржи вид и опис на услуга согласно позициите во техничката спецификација (понудата), вредност и рок на изработка на проектната документација за конкретен предмет.

Изработувачот е должен проектот да го изработи согласно со стандардите и нормативите за проектирање и истиот е одговорен за усогласеноста на проектите со условите за градење.

Изработувачот е должен проектирањето да го извршува согласно проектната задача изготвена и потпишана од Нарачателот.

Содржина на инвестиционо-техничката документација:

- Да се изврши геодетско снимање за дадената улица со коти и координати и да се прикажат во проектната документација, ажурирана подлога за дадената улица и да бидат обележани постоечките потпорни ѕидови со коти и координати
- Бележење и предавање на полигонскиот влак на претставник од Општината
- Технички извештај со технички услови за изведување на работите
- Ситуационо решение изработено врз основа на снимена геодетска ситуација
- Коти и координати на снимени точки, координати на геометриски елементи и координати на напречни профили
- Надолжен профил Р=1:100/1000;
- Карактеристични попречни профили 1:50 со детали на банкини, риголи, канавки, дренажи, пропусти 1:20;
- Попречни профили Р=1:100 (на растојание најмногу до 20m и на геометриските елементи)
- Предмер
- Предмер и пресметка
- Тротоарите исто да се земат во предвид предмерот и предмер пресметката за тротоарот да биде посебно направена но во склоп на проектот
- Одводнувањето на улиците од атмосферските води да биде решено со потребни цевки, шахти, сливници, канали со решетки и дренажни цевки во договор со претставник од Општината и за истите да се направи потребната предмер-пресметка
- Пресеци на шахти, сливници или канали за собирање на атмосферската вода
- На проектите за реконструкција на улиците да бидат обележани пешачките премини со зебри и знаци во соработка со претставник од Општината

Сите елементи на улицата да се изработат према важечките технички прописи и стандарди за проектирање на улици.

Технички елементи на улиците:
- Проектна брзина;
- Ширина на коловозот;
- Ширина на банкина;
- Ширина на риголи;

Коловозна конструкција:
- Тампонски слој
- Асфалт БНХС 16, АБ-16 или бехатон плочки во договор со претставник од Општината

Изработувачот е должен евентуално оправданите забелешки од Нарачателот да ги отстрани без надоместок.

***Договорна казна***

**Член 8**

Во случај на доцнење на вршење на услугите од страна на Изработувачот, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна – пенали .

Договорната казна се определува во висина од 5% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден, за првите две недели.

Во случај на доцнење на вршење на услугата повеќе од две недели, Нарачателот има право по претходно доставено писмено известување до Изработувачот, да го раскине Договорот и да бара надомест на штета и договорна казна – пенали .

Во случај на неисполнување на обврската, Нарачателот може да бара или исполнување на обврската или договорна казна.

Нарачателот го губи правото да бара исполнување на обврската ако побарал исплата на договорната казна.

Наплатата на договорната казна не го ослободува Изработувачот од одговорност за евентуално претрпена штета на Нарачателот.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 9**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 12/ дванаесет /месеци, сметано од денот на склучувањето.

***Решавање на спорови***

**Член 10**

Сите евентуални и спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

**Член 11**

Доколку меѓусебното договарање не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно и месно надлежниот суд согласно позитивните правни прописи на Република С.Македонија.

***Услови за прекинување или раскинување на Договорот***

**Член 12**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 13**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 15 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 14**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 15**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 16**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Страната што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 17**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

***Завршни одредби***

**Член 18**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 19**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма, ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 20**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република С.Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 21**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 22**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Нарачателот и 2 (два) примерока за Изработувачот и стапува на сила со денот на неговото склучување.

***Изработувач***
**ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ Кочани**
***Управител,***

***( Снежана Данилова )***

***Нарачател***
***ОПШТИНА КОЧАНИ***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

Составен дел на овој Договор е :
- Листа на цени со намалени единечни цени согласно одржана е-аукција

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*

**ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА**
**Изработка на проектна документација за улици и патишта**

| Р. бр. | Опис на услугите | Единица мерка | количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Проектирање на патишта во општина Кочани | | | | |
| | до 1км | Бр. | 2 | 36.307,50 | 72.615,00 |
| **2** | Изработка на проекти за улици и реконструкција на улици во општина Кочани | | | | |
| | до 200m | Бр. | 7 | 14.523,00 | 101.661,00 |
| | од 200m до 300m | Бр. | 6 | 19.364,00 | 116.184,00 |
| | од 300m до 400m | Бр. | 3 | 21.784,50 | 65.352,00 |
| | од 400м до 500м | Бр. | 2 | 24.205,00 | 48.410,00 |
| | од 500m до 600m | Бр. | 1 | 29.046,00 | 29.046,00 |
| | од 600 m до 800 m | Бр. | 1 | 33.887,00 | 33.887,00 |
| **3** | Проектирање на потпорни ѕидови со потребна геомеханика и добивање согласност од ИЗИС | | | | |
| | До 10 м | Бр. | 2 | 36.307,50 | 72.615,00 |
| | До 15 м | Бр. | 1 | 36.307,50 | 36.307,50 |
| | До 20 м | Бр. | 1 | 36.307,50 | 36.307,50 |
| **4** | Проектирање на кружен тек со Р=12м согласно проектот за инфраструктура со потребните Потпорни ѕидови и Предмер пресметката комплет | | | | |
| | | Бр. | 1 | 72.615,00 | 72.615,00 |
| | | | | **ВКУПНО:** | **685.000,00** |

***Изработувач***
**ЕРКОМ ИНЖЕНЕРИНГ Снежана ДООЕЛ Кочани**
***Управител,***

***( Снежана Данилова )***

***Нарачател***
***ОПШТИНА КОЧАНИ***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Контролирал: Помошник раководител на Сектор за располагање и уредување на градежно земјиште -Влатко Димитров*